**20131513585**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4, а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА БИВАЛВНИ МЕКОТЕЛИ НАМЕНЕТИ ЗА ИСХРАНА НА ЛУЃЕ ПО ПОТЕКЛО ОД ТУРЦИЈА

Член 1

(1) Со ова решение се забранува увозот во Република Македонија на живи и разладени бивалвни мекотели наменети за исхрана на луѓе по потекло од Турција.

(2) Замрзнатите и преработени бивалвни мекотели наменети за исхрана на луѓе по потекло од Турција може да се увезат под услов да се изврши задолжителен лабораториски преглед на:

1) Escherichia Coli во пратките со замрзнати бивалвни мекотели; и

2) морски биотоксини во пратките со замрзнати или преработени бивалвни мекотели.

(3) Пратките од став (2) на овој член остануваат под надзор на официјалниот ветеринар на граничниот премин на влез во Република Македонија до добивање на резултатите од лабораториските прегледи.

(4) Доколку лабораториските прегледи од став (2) на овој член покажат позитивни резултати, официјалниот ветеринар на граничен премин на влез во Република Македонија веднаш ја запленува и уништува пратката.

Член 2

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3358/4
30 октомври 2013 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство,
Директор
**Дејан Рунтевски,** с.р.